**20160020108**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15 и 192/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.1.2016 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2016 ГОДИНА

I. Цели на Програмата

ОПШТА ЦЕЛ

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност преку координирано спроведување на есенцијалните јавно-здравствени функции врз основа на дефинираните приоритети идентифицирани преку редовен мониторинг на нивната здравствената состојба, со посебен фокус на ранливите групи население и со почитување на принципот на еднаква достапност до сите на кои им е услугата потребна.

Специфични цели

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита
2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнателен и во доенечкиот период, со фокус на ранливите групи жени (жени Ромки, жени од руралните подрачја)
3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите групи жени
4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца
5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на сите релеванатни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајките и децата особено во намалувањето на бариерите и зголемувањето на достапноста на услугите

II. Мерки кои треба да се преземат за подобрување на состојбите

1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:

- Стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромските здравствени медијатори;
- Изготвување на Информација за здравствената состојба и заштита на мајките и децата со предлог мерки за унапредување на состојбата, со акцент на социо-економските варијабли

- Функционирање на Државен центар за репродуктивно здравје; Стручно-методолошка помош од страна на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство на породилиштата низ државата; Изработка на софтвер за внес на податоци и Подготовка на Перинатален Извештај.

• Евидентирање на податоци за секоја смртност на доенче и родилка од страна на здравствените установи и достава до Државен центар за репродуктивно здравје;

• Собирање, обработка и анализа на доставените податоци од породилиштата за перинатална грижа од страна на Државен центар за репродуктивно здравје во соработка со Завод за здравствена заштита на мајки и деца и задолжително доставување на квартални извештаи до Комитетот за безбедно мајчинство при Министерство за здравство.

2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување:

Изготвување и дистрибуција на информативно-едукативни материјали

Брошура-информација и совети за новите родители и дистрибуција на истите до секоја породена, Брошура за доење, Постери за доење за породилишта и Брошура за здрава бременост, Информација за здравјето на мајките и децата за2015 година.

Едукација на населението и промотивни кампањи

-Промоција на Европската недела на имунизација, вклучително локални активности фокусирани на ромските заедници и руралните средини,

-Промоција на Светската Недела на доење

Спроведување на истражување за достапноста на услугите за репродуктивно здравје со акцент на ранливи групи

-Спроведување на истражување за достапноста на услугите од здравствените работници и нивен одговор кон родово базирано насилство.

Психофизичка подготовка на бремени

- Организирање на јога вежби за бремени

3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:

- јакнење на капацитети на ОБ Струмица со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина НОВО СЕЛО,

- јакнење на капацитети на СГАБ Чаир - Скопје со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина Шутка,

- Регионални работилници за мултидисциплинарни тимови (гинеколози, неонатолози, акушерки, социјални работници, менаџери) од породилиштата за методологијата за вршење на доверлива стручна ревизија на перинаталната и неонатална смртност со цел да се унапреди постоечката клиничка пракса на ниво на антенатална, интрапартална и постпартална грижа, да се подобрат инфраструктурните и организациони фактори и да се идентификуваат социјалните фактори од страна на мајката;

-Регионални работилници за патронажната служба и Ромските здравствени медијатори за семејно планирање со цел јакнење на нивните капацитети за информирање и советување на жените во репродуктивен период за значењето и бенефитот од семејното планирање како дел од безбедното мајчинство со акцент на жените кои имаат отежнат пристап, (жените од руралните подрачја, жените Ромки);

- Регионални работилници за здравствени работници – од превентивните тимови и од породилиштата за советување за доење.

4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:

- Спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија,
- Детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација кај 2000 деца кои амбулантски и хоспитално се третираат на Клиника за детски болести,

5. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница

- Одржување на работилница за претставување на активностите на оваа програма, за мајки и деца на потенцијалните партнери во реализација на оваа програмата особено во работата со ранливите групи до кои е потешко да се пристапи,
- одржување на координативни состаноци со претставници од единиците на локалната самоуправа, граѓански здруженија, претставници на ромски заедници, ромски невладини организации, женски организации, ОН организации, УНФПА,Светската здравствена организација и УНИЦЕФ.

III. Очекувани резултати

Со целосно реализирање на активностите предвидени со оваа програма се очекува постигнување на следните резултати:

1. Идентифицирани приоритети за делување базирани на континуирано и ефикасно следење на здравствениот статус и обемот на здравствена заштита на мајките и децата,
2. Унапредени животни стилови и подобрено здравствено однесување од аспект на безбедното мајчинство, со фокус на ранливите групи жени и деца (зголемен процент на жени кои имаат избрано матичен гинеколог, зголемен процент на мајки кои дојат ексклузивно, одржување на висок опфат со имунизација, навремена и редовна антенатална и постнатална заштита и др),
3. Подобрен пристап и квалитет на здравстените услуги за мајките и децата, со фокус на ранливите групи жени и деца,
4. Намалени бариерите и зголемена достапност до услуги преку зајакнато партнерство и соработка во заедницата,
5. Унапредено здравјето на децата, доенчињата и жените во репродуктивен период и намалени разлики кај поедини ранливи групи мерено преку индикаторите за морбидитет, морталитет и искористеност на здравствените услуги.

IV. Потребни финансиски средства за реализација на Програмата

Табела 1. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма

| | Активности | Извршител | Количина | Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 . | Тиреоиден скрининг на сите новородени деца | Министерство за здравство, Универзитетска клиника за детски болести | 25.000 | 125,00 | 3.750.000,00 |
| 2. | Детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација | Министерство за здравство, Универзитетска клиника за детски болести | 2.000 | / | 2.000.000,00 |
| 3. | Фолна киселина за секоја бремена | Министерство за здравство Здравствени домови | 25.000 | / | 800.000,00 |
| 4. | Информативно едукативен материјал: Брошура за здрава бременост, Брошура-информација и совети за новите родители, Информација за здравјето на мајките и децата за2015 година, Брошури за имунизација , Постери за имунизација Брошура за доење, Постери за доење | Министерство за здравство, Здравствен Дом Скопје | 25.000 | | 50.000,00 |
| 5. | Државен центар за репродуктивно здравје Национален координатор (12х6.000 денари) 25 медицински сестри /акушерки во породилишта за внесување на податоците (12х3.000 денари за секоја акушерка/медицинска сестра) Изработка на Софтвер | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство и породилиштата низ државата 16 Општи болници вклучувајќи ги и приватните породилишта | 1 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| 6. | Зајакнување на капацитети на ОБ Струмица со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина НОВО СЕЛО | Општа болница Струмица | 48 недели | 10.000 | 250.000,00 |
| 7. | Зајакнување на капацитети на СГАБ Чаир- Скопје со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина Шутка | Специјална гинеколошко акушерска болница-Чаир | 48 недели | 10.000 | 250.000,00 |
| 8. | Регионални работилници за мултидисциплинарни тимови од породилиштата за методологијата за вршење на доверлива стручна ревизија на матернална смртност Повеќе од бројки | Министерство за здравство, Државен центар репродуктивно здравје , УНФПА,МЛД | 3 | 10.000,00Х30луѓе | 30.000,00 |
| 9. | Регионални работилници за патронажната служба и Ромски здравствени медијатори за семејно планирање и антенатална грижа | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје | 3 | 10.000,00Х30луѓе | 30.000,00 |
| 10. | Регионални работилници за мултидисциплинарни тимови од породилиштата за методологијата за вршење на доверлива стручна ревизија на перинаталната смртност | Комитет за безбедно мајчинство, Државен центар за репродуктивбо здравје, Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје | 3 | 10.000,00Х30 луѓе | 30.000,00 |
| 11. | Регионални работилници за здравствени работници – од породилиштата за советување за доење | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје,Комитет за доење | 3 | 10.000,00Х30луѓе | 30.000,00 |
| 12. | Стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромски здравствени медијатори | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје | 5 | 5000,00 | 25. 000,00 |
| 13. | Промоција на Европската недела на имунизација | Министерство за здравство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | 50.000,00 | 50.000,00 |
| 14. | Промоција на Светската недела на доењето | Министерство за здравство,Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | 10.000,00 | 10.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 15. | Организирање на јога вежби за трудници | Министерство за здравство, Спортски центар Борис Трајковски | / | 150.000,00 | 150.000,00 |
| 16. | Организирање на јога вежби за трудници во четири града низ државата | Министертсво за здравство Јога сојуз на Македонија | / | 150.000,00 | 150.000,00 |
| 17. | Спроведување на обуки за здравствените работници за родово базирано насилство | Министерство за здравство,УНФПА , Семејна медицина , Македонско Лекарско Друштво | / | 25.000,00 | 25.000,00 |
| 18 | Бесплатно породување и здравствени услуги во врска со бременоста . за неосигурени бремени | Министерство за здравство, породилишта низ државата | / | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 19. | Електронско водење на мајчина книшка | Матични гинеколози | / | 100 по пополнета мајчина книшка | 250.000,00 |
| 20. | Неизмирени обврски за 2012 и 2014 година | Министерство за здравство | / | 120.000,00 | 120.000,00 |
| | Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Македонија | | | | 8.000.000,00 |
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | | 1.500,000.00 |
| | Вкупно | | | | 9.500.000,00 |

V. Финансирање

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Македонија за 2016 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство месечно на извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

VI. Извршители на Програмата

Извршители на оваа програма се Министерство за здравство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетска клиника за детски болести - Скопје, Ромски здравствени медијатори, Државен центар за репродуктивно здравје и други партнерски организации Светската здравствена организација, УНФПА, УНИЦЕФ.

Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)

Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за здравство.

VII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-12861/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.